ДОМ НА КУЛТУРАТА
„КОЧО РАЦИН„ - СКОПЈЕ

# „ОДНАПРЕД„ ИДНИНА МИНАТО

12 056

**АВТОРИ:**
МЕТО АНГЕЛОВСКИ ДАВОР ТОЦИНОВСКИ

08. 07. - 21. 07. 1999 година
ДОМ НА ГРАДЕЖНИТЕ
С К О П Ј Е

## КОН ЛИКОВНАТА ИНСТАЛАЦИЈА (ОДНАПРЕД) ИДНИНА МИНАТО
### на Мето Ангеловски и Давор Тоцинвски во малата градска галерија при Домот на културата ,,Кочо Рацин,, - Скопје

Елементите од предисториската, историската или вонисториската фактографија, носители на асоцијативната симболика со сета своја појавна неутралност И воедно егзактна дефинираност во изборот преставуваат само појдовна кординанта - посочувач на понатамошната дијалектика во исказот, независно да ли се одбраните 42 -та победоносни километри по кои еден од архитипеките херои - *Филипид* известува за уште една **"победа"** за историјата и воедно издивнува ,,неговиот,, живот завршува или продолжува во Маратонскиот круг - патека - симбол во кој се сменуваат венцоносците-победниците - губитниците во една низа на бесконечни интервали - долги, кратки, воедно значајни и безначајни во сиот релавитет на бројните микрокосмоси и воспоставени вредности наспротив универзалните постоечки космички релации на вонвремено траење и опстојување......

И низ сите турбулентни предисториски, историски, овоцивилизациски превирања, низ опеаните и не опеаните, војни, страдања, геноциди апокалиптичноста на апсурдот е овенчана со круциалниот лик - во едно добитник - победник и губитник - човекот и неговата магична божествена и воедно ништожна природа и моќ - семоќ и немоќ.

Затечени во ,,историскиот,, след на нештата не можноста за избор или немоќта алузивно го интерпретира мултиплицираното значење на митот, легендата, религијта, култот (низ масовен ритуал) во контекс на овој микро - сегмент - алузија на христијанството како овоцивилизациски феномен кој ја одбележува улогата на искушеник - протохерој распнат во она или ова време во или во секој од нас, оставајќи архетипски препознатлива метафора- трага на белината на платното кое

со должината  и воедно хронометарски го одбележува математички - воспоставениот соодност - интервал - релација - должина содржана или метафорично сублимирана во дадениот (приложениот) сегмент - концепт кој го препокрива време траењто помеѓу ,,пред историското,, И ,,историско,, време како нишка - спој со оновременото.

Дали се поместува годината или останува постојано нула пред и по Раѓањето на секој од нас во универзалната констелација на сите воспоставени вредности - невредности на материјата и материјализацијата на времето.

Определбата за аналитички концептулизам и воспоставената релација помеѓу стилски дисперзивни елементи со ненаметливо воспоставени принципи на контрастот на појавните форми, монохромијата на белото платно како примарна структура, определба за провокативна **READY MADE** (реди- мејд) елементи - количка во стаклен аквариум со елементи на тавталошко механогравско кинетичко изразување.



Преку елементитите на спациодинализмот, хронодинализмот, луминодинализмот, односно релацијата материја - простор - време - светлост-движење - тактилност  градат атмосвера на метафизика ванвремена димензија на корелацијата припадност - неприпадност, взаемност, и низ математички воспоставена кодификација на пропорционален сооднос помеѓу инхерентниот прикажан сегмент и универзалните вредности и категории, низ определбата за минималистички естетски израз Д. Тоциновски и М. Ангеловски ја соопштуваат

основната интенција воспоставувајќи автентичен склоп или смел повеќе слоен, провокативен, отворен систем пандан на воспоставената теза - антитеза - синтеза како последица на дијалектичките принципи и искуства.

Структуралните принципи на контрастот, разнородните сензибилитети на принципите на симболичката логика низ креативен чин, автентични изнајден и високообмислен се во вункција на појдовната идеа - теза - ја илустрираат бесмисленоста на автоматизмот во опстојувањето, настојувањето, интерноста и утопијата, апсурдот или реларивноста на стремежот за прогресивен подем, историска , општествена, цивилизациска алиенција на принципиелно воспоставените системи на вредности, нормативи, кодекси,, параметри низ релативно кусата историја, потцртувајќи ја симултано тезата за парадоксот, апсурдот на континуиран дисконтинуитет или дисконтинуиран континуитет во повеќе слојноста на речиси сите системи.

Низ силно автентично обмислена, егзактна определба со рационален ликовен механизам, методски чисто (наспроти се поизразениот феномент на реификација и фетишизам на конвенционалниот ликовен медиум) Давор Тоциновски и Мето Ангеловски ја потцртуваат воедно и општествената, естетичка и етичка функција на уметноста како потенционално позитивен арбитер, позитивен коректив или пандан на виртуалната стварност.

*Виолета Крстиќ*








ARMY



## АВТОРСКА ИДЕНТИФИКАЦИЈА

Иво двата случаи се наоѓаме на полиња во кои има фиксирани симболички структури. Со што консументот е принуден на мимичко подржавање и со тоа  и подигање на делото на повисоко чуствено ниво на субјективната авторска вредност која е IN STATU QUO.

Индивидуата преку мултиплицирање на своето физичко врз однапред фиксираното симболично, се наоѓаме во состојба да се бележи почеток на едно веќе однапред валоризирано дело.

Ленин - време - повторно вулганизирање. Временската паралела земен е портретот на 4 - г. Ленин како временско определување на една непристапност на тоа дело и неговиот сопствен имот. Измачени од веќе споменатата и очигледна актуелност и збир на потреби е можеби крајната цел, објект, повторно сликарски носач во променета положба, на која темата е земена како дел од не многу далечното минато на авторите.

Фасцинирани од положбата на сликарскиот носач и ситните предели ова дело е валоризирано на ниво на комуникација а можеби и ново воспитание.




**Авторите се апсолвенти на Факултетот за ликовни уметности во Скопје во класата на проф. РУБЕНС КОРУБИН**

**Мето Тел. 093/ 62 580**
**Давор Тел. 091/ 451 359**